**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**
**од Деветото продолжение на Педесет и шестата седница**
**на Собранието на Република Македонија, одржана**
**на 12 декември 2000 година**

Седницата се одржа во салата за седници на Собранието ка Република Македонија, со почеток во 11,45 часот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше Стојан Андов, претседател на Собранието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Во салата се присутни 56 пратеници, ги молам координаторите на пратеничките групи да обезбедат потребен број пратеници, бидејќи во декември треба да донесеме доста значајни закони.

Ве молам, да ги собереме луѓето и денеска навистина да работиме.

Продолжуваме со работа по 56-та седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Михајло Георгиевски, Аце Сајкоски, Јонуз Абдулаи, Кирил Настевски, Мирко Иванов, Томислав Петровски, Нано Ружин и Илјаз Сабриу, ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Ве молам, да притиснете на едно од копчињата за системот за гласање, да го утврдиме бројот на присутните пратеници во салата.

Продолжуваме со работа.

На седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и Собранието може полноважно да одлучува.

Исто така, на седницата присуствува и министерот за одбрана, како претставник од Владата, по точката што ни е во тек.

Продолжуваме со работа по предлогот за донесување на Законот за одбрана, со Предлог на закон.

**АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа пратеници, почитувани претставници од Владата.

Сите знаеме дека оваа земја е мултикултурна, мултиетничка и мултиконцесионална. Затоа барам во име на пратеничката група на ПДП и во мое лично име, ова Собрание, бидејќи сме во еден свет месец Рамазан, кој што е значаен празник за муслиманите воопшто во Република Македонија, да работиме до 15,00 часот, бидејќи во 16,00 часот е Ифтар.

Затоа ве молам, овој мој предлог да го прифатите.

Од друга страна, јас очекував, бидејќи имавме неколку седници од страна на претседателот на Собранието да има честитки за овој свет месец до сите граѓани на Република Македонија со исламска вероисповест. Меѓутоа и тоа не се случи. Затоа јас, во име на моето гласачко тело на сите граѓани од исламска вероисповест им го честитам овој свет празник Рамазан и Шериф.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Забелешката држи што се однесува до честитката, меѓутоа јас не без претседател кога почна Рамазан, а се честита на почетокот.

Сега им честитам на сите. Од сега натаму ќе водиме сметка на пратениците од исламска вероисповест да им се почитува правото на Ифтар што се почитува во целиот свет. Така што, од 15,15 до 16,15 ќе имаме пауза, доколку тоа го бара работата. Меѓутоа да не утврдуваме точно, вие ќе ми кажете кога да направиме пауза.

Одиме понатаму.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Комисијата за внатрешна политика и одбрана, согласно заклучокот на Собранието одржана на 4 декември 2000 година, повторно го разгледа амандманот на членот 20, за додавање нова точка 40-а по точката 40, поднесен од пратениците Мухамед Таири, Мевљан Таири и Амди Бајрам и амандманот на поднасловот: "Генералштаб на Армија" и за бришење на членовите 26, 27 и 28, поднесен од пратениците Лазар Китановски, Благоја Ханџиски, Никола Поповски, Тито Петковски и Љубомир Поповски.

Извештајот на Комисијата Ви е поделен.

Претставникот на Владата не се произнесе по амандманот на членот 20, за додавање нова точка 40-а по точката 40, поднесен од пратениците Мухамед Таири, Мевљан Таири и Амди Бајрам.

Претставникот на Владата не се согласи со амандманот на поднасловот 2 "Генералштаб на Армијата" и за бришење на членовите 26, 27 и 28 поднесен од пратениците Лазар Китановски, Благој Ханџиски, Никола Поповски, Тито Петковски и Љубомир Поповски.

Комисијата за внатрешна политика и одбрана поднесе амандман на член 29 став 2, со кој се согласил претставникот на Владата и тој е составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Владата на Република Македонија поднесе амандман за менување на член 1 и тој е составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 20, за додавање нова точка 40-а, по точката 40, поднесен од пратеникот Мухамед Таири, Мевљан Таири и Амди Бајрам.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЉУБЕН ПАУНОВСКИ:**

За овој амандман разговаравме и на минатата седница на Парламентот и на Комисијата и на повеќе претходни седници на Комисијата.

Се согласивме во дискусиите дека во огромен процент од овој амандман има политичка волја, или декларирање на политичка волја да се води сметка за сето тоа. Значи, факт е дека во овој амандман не се содржани други компоненти. Но исто така и од моја страна беше посочено дека навистина, имаме најверојатно еден претстоен период кога треба да посветиме малку посериозен однос кон овие прашања, да го постигнеме квалитетот и реалноста, за не само граѓански пристап, туку понекогаш за да не се случуваат одредени импровизации по лична релација, или личен однос, да предизвикаме периоди на послаба застапеност на одредени националности во составот на Армијата.

Меѓутоа, мојот предлог беше ваква одредба да се стави во законот за служба во Армијата, бидејќи тој закон директно се однесува и е во функција на спроведување на вакви прашања.

Од тие причини, мојот став беше изнесен на Комисијата дека не треба да го прифатиме овој амандман во овој закон, но треба да ја постигнеме заедничката согласност, да биде содржан во следниот закон. И конечно од причина, за да постигнеме уште сега една таква политичка согласност, и јас сепак оставив при дефинитивното заклучување на расправата на Комисијата, членовите сепак сами да се произнесат со гласање. Така што се надевам дека постигнавме една согласност, што ни гарантира а од моја страна можам да ветам дека ќе биде ова поставено во Законот за служба во Армијата и од тие причини соопштувам дека не го прифаќаме амандманот, но тоа не значи отфрлање на нешто што се согласуваме дека и на ваков начин декларативно, со една политичка волја вклучено во закон, да водиме навистина, посериозна грижа и подинамично да го оствариме тоа право.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За збор се јави господинот Мевљан Таири.

**МЕВЉАН ТАИРИ:**

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници, почитуван министер и почитувани претставници од министерството.

За жал, не успеав да присуствувам на седницата на Комисијата, затоа што не бев известен и незнаев кога се одржува. Инаку, сметам дека начинот на кој што е одбиен овој амандман од ваша страна, а е оставено на Комисијата да се гласа, не ми личи дека е постигнат некој договор, поготово што сметам дека сепак се работи за еден амандман кој што би требало да се прифати, поготово што вие цело време ме убедувате дека ќе се води таква политика и дека ќе се води сметка за таа работа, но незнам зошто сега еден амандман, кој што упатува на водење сметка за тие работи не се прифаќа. Апсолутно не гледам каде се оптоварува текстот на овој закон, или пак ако се оптоварува, да се договориме каде да го вметнеме на друго место. Но, мислам дека другите закони кој што ќе произлезат, ќе треба да бидат во духот на овој закон.

Ако во овој закон ние ја избегнеме оваа одредба, мислам дека многу малку оставаме простор да се направи тоа во другите закони. Кога истиот закон на кој што посочувате, би се предложил заедно со овој закон, мислам дека тоа би било поинаку. Да кажеме дека тоа би се разбрало. Но вака останува во доменот на претпоставките дека таков закон ќе се предложи и таква одредба ќе се вметне, ќе дојде време, а кога ќе дојде едноставно со вакви аргументи повторно може да се одбие дека ние сме свесни за реалноста и ќе водиме сметка за тоа да се напише во ниеден закон.

Доколку вака вие истраете на вашиот став, јас нема да бидам спремен да гласам за овој закон.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За збор се јави господинот Амди Бајрам.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Јас исто така се приклучувам кон мојот колега Мевљан Таири и мислам дека

министерот би требал да најде место да не вклопи во тоа барање на тој амандман, за да биде во една поблага форма на некој начин. Доколку неможеме да изнајдеме начин, тогаш да го измениме амандманот, да дадеме друг амандман.

Јас исто така се согласувам со господинот Мевљан и јас нема да гласам за овој закон.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За збор се јави господинот Ѓорѓи Котевски.

**ЃОРЃИ КОТЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа, околу овој амандман имавме прекрасна расправа во Комисијата за внатрешна политика и одбрана. Меѓутоа, сакам едно да ви соопштам и за почитуваниот господин Мевљан Таири, дека ние како коалиција со ДПА немаме намера ниту во оваа прилика, ниту за овој закон, ниту за наредниот што треба да се донесе за служба во Армијата на Република Македонија да се служиме со лаги и со интриги. Јас бев многу јасен и министерот исто така беше јасен и сите други што беа присутни на Комисијата дека декларативноста ништо не обврзува и ништо не решава во тој закон. Затоа, соодветно место му е во Законот за служба во Армијата кој следи и ние јавно укажуваме, не само како претседател на Комисијата, туку и како коалиција и како Министерство за одбрана дека таков член ќе биде вметнат и сосема да биде применлив во иднина и како политичка волја и ваша и наша заложба, да може да биде обврзно, а не само декларативно. Ако ова нешто ви значи, јас мислам дека навистина треба овој амандман да не се најде во овој член 20, туку во наредниот закон кој е веќе подготвен и ќе дојде во процедура, не само во Владата, туку и во Собранието на Република Македонија.

Уште еднаш повторувам: не само заради коалицијата на ВМРО-ДПМНЕ, ДПА и другите партиципиенти во оваа власт, дека таквиот член ќе биде вметнат во наредниот закон што треба да се донесе.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За збор се јави господинот Азис Положани.

**АЗИС ПОЛОЖАНИ:**

Господине претседателе, господине министер дами и господа, јас како поддржувач на амандманот, бев на Комисијата за внатрешна политика и одбрана, со намера да се избегнат денешните непотребни дискусии и со аргументи јас се обидов да го образложам овој амандман, затоа што и по содржина и по начин како што е даден, а и по природата на законот, базиран врз уставот, мислам дека ги исполнува сите елементи, овој амандман да биде дел на овој закон. Зошто? Јас реков дека ако ние како политичка оценка, како политички став велиме дека еден од главните столбови за стабилноста на Република Македонија се меѓуетничките односи, тогаш би било логично еден амандман, кој што во себе содржи една тенденција за хармонизација и во оваа област на тие меѓуетнички односи, тешко е да се поверува, просто да се каже дека не му е местото тука, затоа што Законот за одбрана е многу важен закон, меѓуетничките односи се многу важна работа во Република Македонија.

Според тоа, е логично со една проста редукција да се заклучи дека еден таков амандман има место и во овој закон.

Инаку, јас би поверувал да не е така, кога би размислувал дека, или би се прашал дали отсега натаму, сите закони во Република Македонија ќе бидат објаснети со граѓанската компонента. Дали отсега натаму имаме основа да веруваме во Македонија дека сме ги надминале сите проблеми што се од меѓуетнички карактер, дека тие можат да бидат надминати само затоа што ќе се каже, како претходниот дискутант дека некоја партија, со некоја друга партија, немаат намера да се лажат меѓу себе, јас можеби би му верувал, но јас мислам дека Законот не се прави за одредени партии и за одредени моменти. Законот се прави како еден формално правен акт, кој што ќе важи и по вашите коалиции и по нашите коалиции. Тоа е една основа која не мора да се гради на една консензуална основа. Законот е еден формално политички акт, кој што се донесува врз основа на такви аргументи, а не врз основа на тој аргумент што го кажа претседателот на Комисијата, иако и тоа не е за потценување, но неможе да биде тоа основа за отфрлање на еден таков амандман..

Јас би сакал во иднина сите закони во Република Македонија да имаат граѓанска основа и на тој начин да се третираат. Но јас мислам дека со Уставот, каков што е и со реалните состојби, каде објективно некои проблеми и отворени прашања не се адекватно решени, јас мислам дека и понатаму треба да се води сметка, особено во овие системски закони, за имплементација на таа политичка волја, што се вели дека меѓуетничките односи се многу важен елемент во нашата реалност и

за тој елемент мора да се најде начин да се вгради во дотичните закони. Инаку мислам дека губи смисла таа консензуална релација што сака да се воспостави, мислам дека нема основа или пак, треба да се помине кон промена на Уставот, кој ќе биде чист граѓански и ќе најдеме други аргументи и други моменти, со што во истиот устав ќе ги гарантираме колективните права на различните колективитети. Што не мора да биде така како што е, но мора да се најде начин, да се заштити тоа што ние сите го викаме, многу важна работа за меѓуетничките односи во Република Македонија.

Јас и во Комисијата, иако не сум член на таа Комисија се обидував на ист начин да го образложам овој амандман, затоа што во доктрината на одбраната на Република Македонија се смета како еден многу важен столб и квалитетот на меѓуетничките односи и нивната димензија и во одбраната.

Зошто ние бараме ова да се внесе во овој закон?

Не е прашање на недоверба кон нештата во моментот, или под моменталните полиберални состојби во Републиката. Сакаме она што е политички став да се нормира на начин како би се придонело кон зацврстувањето на тој многу важен столб на заштитата, како што се меѓунационалните односи и во Армијата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор министерот за одбрана.

**ЉУБЕН ПАУНОСКИ:**

На почеток сакам да соопштам дека законот за служба во Армијата на Република Македонија, конечната работна верзија на законот за служба во Армијата на Република Македонија е готова. Оваа верзија е готова пред околу една недела, ова го кажувам заради јавноста и заради составот на Парламентот. Тој е готов и за многу кратко време ќе биде даден во владина постапка, а потоа и пред Парламентот.

Втора работа, ние имаме два амандмани овде од кои за едниот имаме многу сериозно недоразбирање, тоа е за Генералштабот и ако пратениците од СДСМ дојдат ќе продискутираме дека е во прашање тенденциозност. Инаку, станува збор за луѓе кои работеле во тоа министерство. Ако не е тенденциозност тогаш е нешто друго во прашање.

Овој амандман во себе има елементи за кои лично мислам дека местото им е повеќе во законот за служба во Армијата на Република Македонија. Тој закон ги регулира сите прашања, сите односи во службата и ги регулира сите постапки за прием, за развој, за унапредување итн. Меѓутоа, од тие причини јас реков дека го прифаќам тој став и подготвен сум уште во верзијата која ќе дојде на Парламентот да биде содржана, да не се оди со амандмани.

Дилемата кај мене е потоа да не пристапиме во следниот закон во секое поглавје ставање додатоци. И понатану мое длабоко убедување е дека тоа треба да биде содржано во законот за служба во Армијата на Република Македонија. Таму се сите патишта од кои се почнува и од кои се реализира сопствениот развој.

Тоа е причината а не дека се покажува разбирање а нештата не се прифаќаат. За ова впрочем разговаравме и пред да се отвори оваа тема кога во рамките на пратеничките групи се разменуваа мислења и од таа причина мислам дека препораката од моја страна беше уважена што на ваков начин пратеникот Горѓи Котевски се изјасни. Значи, не дека за ова не е размислувано, туку моето упатство беше доставено на ваков начин и веројатно мислењето со тоа било задоволено како би било ова регулирано.

Ако го уважувате ова мое мислење, да го регулираме во следниот закон, јас би сакал да се изјасните дефинитивно уште еднаш. Доколку не тогаш да го регулираме ова прашање во овој закон, меѓутоа уште од сега јас би сакал да констатирам дека во следниов закон апсолутно нема да бидам согласен да се парцијализираат внатре решенија произлезени од еден ваков став.

Затоа сега тука треба да имаме разбирање, бидејќи при донесувањето на следниот закон, дури и по цена да не се донесе јас нема да бидам подготвен во 10 членови да детализираме колку ќе има ова, колку ќе има тоа. Се обидуваме некои работи да ги надминеме со разговор.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г. Сејфедин Харуни.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Пред да се вклучам во дискусија по поднесените амандмани сакам да поставам едно прашање на министерот.

Колку се присутни Албанците во редовите на Армијата на Република Македонија? Тој сооднос колкав е и кај командниот кадар од албанската популација во редовите на Армијата на Република Македонија?

Потоа би се вклучил да дискутирам по амандманот, ако може министерот да ми

одговори, колкав е процентот на Албанците во редовите на Армијата на Република Македонија како војници и колку е учеството на командниот кадар од албанска припадност во Армијата на Република Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г. Мевљан Таири.

**МЕВЉАН ТАИРИ:**

Не би сакал да се добие впечаток дека се води инает и дека се докажува, дека се закопани во ровови и никој не мрда од својата позиција. Еве министерот покажа волја да се најде начин да се прифати можеби овој амандман во овој закон, па затоа сакам 5 минути пауза со цел да се договориме да излеземе од оваа ситуација, како да го направиме тоа и веднаш потоа да продолжиме со работа.

Молам да ни дадете можност да се договориме како ќе го направиме тоа, дали во овој закон, дали во следниот и да не продолжуваме со вакви расправии.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам само пратениците што бараат пауза да излезат со министерот да се договорат, а сите други пратеници да си останат во салата.

Значи, само предлагачите да идат со министерот да се договорат.

Дали се согласувате така? (Се согласуваат).

Ве молам, сите да останеме во салата.

(Пауза од 12,15 до 12,25 часот).

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам сите пратеници да влезат во салата и да си седнат на своите места.

Ставете ги картичките за евиденција за да имаме јасна ситуација за присуството на пратениците.

Молам да продолжиме со работа со оглед дека во салата имаме 62, 63 пратеника.

Го молам министерот за одбрана да објасни во што е работата.

**ЉУБЕН ПАУНОСКИ:**

Не е ништо спорно и од моја страна дека треба да се стави една одредба во еден од овие два закони и нешто што сега се води сметка за да надминеме една состојба која со време е затекната. Констатиравме дека овие 10 години се подобрува и треба да се настојува тој процес така да продолжи, меѓутоа да најдеме исто така начин и во интерес на Армијата нешто што е да се стилира тоа, затоа што на таков начин се стекнува таа голема доверба.

За мене е прифатливо ова што сега разговаравме. Овој амандман да биде прифатен со тоа што нема да го оптовариме следниот закон, бидејќи тој ќе биде поврзан со многу комисии кои работат за разни потреби од тој вид и понатаму си презема министерот, Министерството со сите свои стручни екипи, тргнувајќи од колегиумот до стручните екипи и личности за планирање на одбраната, проектирање како таа да се изведува, како да се извршат уписите на академии, во школи итн.

Значи, амандманот со следнава содржина: "Води сметка за составот на армискиот раководен кадар и други лица ангажирани во Армијата од аспект на националната припадност без да се наруши критериумот на професионалност и стручност".

**СТОЈАН АНДОВ:**

Овој текст е прифатен и од предлагачите.

Ве молам нека се подели текстот што сте го усогласиле и ќе констатираме дека тој е составен дел на текстот на законот.

Дајте го на службите веднаш нека го преземат и нека се подготви за да се подели на пратениците.

Ќе се вратиме на овој амандман да констатираме дека е составен дел тогаш кога ќе биде поделен.

(Службите го превземаат текстот на амандманот од претставниците на Министерството за одбрана).

Отворам претрес по амандманот на поднасловот два - Генералштаб на Армијата и за бришење на членовите 26, 27 и 28 поднесен од пратениците Лазар Китановски, Благоја Ханџиски, Никола Поповски, Тито Петковски и Љубомир Поповски.

Молам, кој бара збор?

Предлагачите се уредно поканети и очекуваме сите да бидат присутни да си ги бранат амандманите што веќе ги поднеле, но еве ги нема за жал.

Министерот за одбрана бара збор.

**ЉУБЕН ПАУНОСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, станува збор за амандман кој се однесува на генералштабот. Тоа се членовите 26, 27 и 28.

Проблемот е тоа што предлагачите на овој амандман тврдат дека со ова Генералштабот се издигнува на исто

рамниште со Министерството за одбрана и дека станува една институција рамноправна поради што се надевам дека е можеби од погрешно толкување изнесувано и пред одредени новинари, па во медиумите излезе текст со содржина дека тоа значи милитаризација на Армијата, па и понатаму можеби пошироко. Меѓутоа, мене ме зачудува што од колеги кои до вчера работеле во тоа Министерство како министри се изнесуваат толкувања кои не само што не се точни, туку смислата е поинаква.

Ако постои најголема можна цивилна демократска контрола спроведена преку институциите на системот, како што е и Парламентот и Министерството за одбрана, претседателот на државата, Советот за безбедност, според мене ставањето на овие членови во законот за одбрана за Генералштабот значат врвно освојување на можноста да се врши цивилна демократска контрола. Парламентот кој носи закони, Законот за одбрана ги става Генералните одредници, кои потоа не може никој да му ги одземе, ни додаде, да ги злоупотреби за Генералштабот. Тоа се само одредници дека можеби треба да извршува обука, нешто што го планира Министерството за одбрана, го верифицира, го потврдува, а потоа го спроведува Генералштабот. Внатре, начинот на кој ќе се изврши таа обука на пример ќе се изведува (постапките, фазите, роковите, со какви средства итн.) сето тоа се прави со дополнителни уредби или наредби кои ги донесува министерот за одбрана. Значи, овде се само насловите на обврските кои стојат, стручни и професионални обврски на Генералштабот што му ги дава овој Парламент јавно поставени, отпечатени во еден јавен документ што го носи единствено Парламентот. Мене не ми е јасно зошто некој инсистира Парламентот да се откаже од оваа своевидна, врвна демократска и цивилна контрола над Армијата на Република Македонија. Посебно сум изненаден што тоа го тврдат колеги кои до вчера биле министри во Министерството за одбрана во Република Македонија. Јас се надевам дека во текот на овие неколку минути ќе дојдат колегите па ќе можеме малку да расправаме.

Не ми е јасно зошто некој инсистира да му го одземе тоа право на Парламентот, да му го даде на министерот дискреционото право да ги регулира овие прашања кои и онака никој друг не може да ги врши освен Генералштабот и министерот да може или да му одзема, или да му додава некои ингеренции.

Министерот во поголемата димензија во својата лична улога е политичка. Значи, може понекогаш да направи одредени потези кои ќе значат пролонгирање, ако не одземање на овие професионални, стручни надлежности. За да не биде тоа така, Парламентот е политички состав, меѓутоа од многу партии и тие ја претставуваат волјата на народот, на граѓаните, а Генералштабот е сопственост на државата, а преку тоа и на граѓаните, не и на министерот. Сега некој јавноста ја упатува на погрешна констатација да му се одземе таа цивилна и демократска контрола на Парламентот.

Јас лично не се согласувам со тоа, затоа што еден ден нема да бидам министер и би бил среќен доколку би бил повторно пратеник, затоа што тука се регулираат сите тие прашања и ваква врвна определба, јавна, декларативна, за цивилна и демократска контрола што Парламентот сега се усвојува, а Министерството како предлагач на законот ви ја дава на вас, некој сака да ја одбие. Тоа не можам да го разберам.

Уште еднаш, станува збор за стручни, професионални извршувања на задачите кои се поставени, кои мора само Генералштабот да ги води, кои се наброени како наслови (спроведува мерки за готовност на Армијата и превзема мерки за нивно извршување), сите други работи кои се внатре карактеристични (структурата на динамиката, на каков начин се спроведува тоа) се донесуваат со дополнителни уредби, што пак ги донесува министерот како дел од таа цивилно демократска, или пак политичка контрола. Ова се само имиња и презимиња на ингиренциите на Генералштабот, кои сега предлагачот ги дава на Парламентот да бидат сопственост кој ги донесува Парламентот и кои не може волјата на министерот да му ги одземе.

Уште нешто кога сме тука. Навидум има многу банални прашања кои сакам да верувам дека од објективни околности досега се пролонгирале, или ги пробивале роковите на извршување според годишните програми. Армијата има потреба за секојдневни најситни опремувања, затоа што и облеката и било кој дел од облеката, и копчето на облеката е дел од опремата на Армијата. Ако министерот нема време, или ги пролонгира овие прашања кои се овде добро зацртани, не ги донесе со уредба во каква динамика да се прават тие и дека тие

мора да се спроведат од Генералштабот тие можат да доцнат до септември, октомври или ноември и всушност годината до помине, а да не се реализираат обврските. Овде е прецизно поставени и сега Генералштабот врз основа на одредбите кои се ставени во законот, кои Парламентот ги усвои и прифати во законот ќе има обврска да си ги планира на време, знае што се неговите обврски. Сите други детали внатре со уредба и наредби ќе ги донесе министерот за одбрана. Со таа констатација лично не гледам поголема можност што би можеле да ја предложиме од Министерството, а оваа држава да ја има освен на ваков начин вградени овие елементи во законот за одбрана, што Парламентот ќе ги донесе и што Парламентот има право утре некои работи да дополни или измени. Меѓутоа. дефинитивно секогаш ќе има право да му постави на министерот за одбрана зошто г. министер ако се јасни работите, Генералштабот знае по што треба да пристапи, од вас побарал овие работи само да ги верифицирате, како да биде внатрешната структура, на пример 7 алинеја, или 6 - спроведува логистичка поддршка на Армијата, вие таа негова законска одредба сте ја игнорирале, три месеци не сакате да ја верифицирате внатрешната структура оставена на хартија и тој внатрешен план да се спроведе.

Сакав тоа да го објаснам, затоа што ми е жал, бидејќи сум бил и новинар. можеби беа погрешни набедувања, но излегоа текстови кои не ја претставуваат нашата слика и сериозност и за дебатата во Парламентот и во Комисијата, и за Армијата и пред јавноста во Македонија, меѓутоа на крајот на краиштата кон структурите на НАТО да излегуваат текстови дека со ваква врвна цивилно демократска контрола да излегуваат текстови дека станува збор за милитаризација на Армијата. Мислам дека некој би направил голема штета на некој новинар.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам, дали уште некој бара збор?

Госпоѓа Марковска.

**ЃУЛИСТАНА МАРКОВСКА:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа, јас ќе говорам генерално не само за овој текст на амандманите од причина што се однесува на комплекс на сите амандмани кои се поднесени во врска со улогата на Генералштабот.

Мислам дека компонентата која потписниците на овој амандман ја бараат, бришењето на називот и на сите обврски кои сега, дефакто, ги работи Генералштабот всушност се работа на Генералштабот што постои во овој момент во Република Македонија. Цивилната компонента која тие ја нагласуваат дека се губи ако се брише текстот, напротив не се губи од причини што многу добро овде ги објасни министерот Пауновски. За жал, кај нас законите почесто претставуваат предмет на различна елаборација и на повеќе правници, па за жал понекогаш дури и на Уставниот суд кој до сега имаше можност повеќе правилници кои токму се изработени во ова Министерство, да станат предмет на негова елаборација дури, за жал, и за поништување.

Бидејќи сме во фаза кога законот кога многу клучен и значаен за Република Македонија ќе биде документ кој ќе ни пружи поголем пристап до Евроатланската подобро речено НАТО ориентацијата на Република Македонија, сметам дека не претставува никаква штета, туку напротив корист ако сите оние обврски кои Генералштабот и до сега ги вршеше бидат децидно набројани во законот. Напротив, компонентата која говореше министерот Пауновски е уште поголема ако се земе во предвид дека сите ние како пратеници на овој највисок законодавен дом контролата која ја имаме врз работата на сите министерства конкретно и на ова Министерство на тој начин ќе биде зголемена.

Сметам дека толкувањата кои наидоа во јавноста навистина се погрешно елаборирани и не нудат во сосема друга ориентација која не е составен дел на законот од причина што единствено Министерството се потрудило децидно да ја наброи функцијата на Генералштабот која тој до сега практично ја извршуваше.

Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам, има збор господинот Сејфедин Харуни.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Претседателе, немаме кворум, вообичаено е секогаш кога имаме кворум расправаме на седниците на Собранието, а сега 58 пратеници се присутни во салата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Имаме кворум, токму 61 пратеник. Јас го констатирам тоа, гледам дека имаме.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Јас ги преброив има 58.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ајде да продолжиме.

Дали сакате збор? (Не).

Дали некој бара збор?

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Предлагам службите да ги пребројат.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање. Ве молам да гласаме.

Од присутни 63 пратеници, гласаа 60 пратеници, за амандманот не гласал никој, се воздржале пет, а против амандманот гласале 55 пратеници.

Пред да го поделат текстот, бидејќи тој текст е неспорен, ќе го констатираме и него, ќе продолжиме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Дали некој бара збор?

Има збор господинот Кирил Андоновски.

**КИРИЛ АНДОНОВСКИ:**

Господине претседателе, на Законодавно - правната комисија беа поднесени амандманот XVI на Глава X, амандман XVII по член 128 и амандман XVIII на член 130, со кои се согласи претставникот на Владата.

Меѓутоа, подоцна во расправата претставникот на Владата усвои амандман на член 128 во кој е апсорбиран амандманот на Законодавно -правната комисија што беше усвоен порано. Со оглед на тоа што ова е поширок амандман со кој се согласил претставникот на Владата, Законодавно - правната комисија ги повлекува амандманите XVI на Глава X, XVII на член 128 и XVIII на член 130. Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Констатирам дека амандманите на Законодавно - правната комисија за кои претходно констатиравме дека се прифатени од претставникот на Владата откако е прифатен амандманот на пратениците од Пратеничката група на СДСМ се ирелевантни амандмани и затоа се повлекуваат да не правиме збрка.

Истовремено да отстраниме еден пропуст од претходниот амандман, треба да констатираме врз основа на исходот од гласањето, констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на поднасловот II Генералштабот на Армијата и за бришење на членовите 26, 27 и 28, поднесен од пратениците Лазар Китановски, Благој Ханџиски, Никола Поповски, Тито Петковски и Љубомир Поповски.

Дали некој друг бара збор по текстот на Предлогот на законот? (Никој).

Уште не можеме да го заклучиме претресот додека не констатираме каков е текстот на законот.

Што е со текстот на амандманот што е усогласен?

Ве молам, дали е готов и кога ќе се подели.

Тогаш ве молам да прекинеме за момент со расправата по овој закон, ќе се вратиме кога ќе дојде текстот.

Бидејќи од сите други точки од оваа Педесет и шеста седница само по точката 25 имаме претставник, министерот за одбрана е претставник, предлагам сега да поминеме на точката 25.

Минуваме на точката 25 - Предлог за донесување на закон за ратификација на Третиот дополнителен протокол кон Спогодбата за мултинационалните мировни сили на Југоисточна Европа, со Предлог на закон.

Претставникот да се подготви.

Предлогот за донесување на закон, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот Заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за ратификација на Третиот дополнителен протокол кон Спогодбата за мултинационалните мировни сили на Југоисточна Европа.

Ве молам да гласаме.

Од присутни 63 пратеници, гласале 63, за гласале 62 пратеника, еден воздржан.

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон?

Ве молам да гласаме.

Од присутни 63 пратеници, гласале 61 пратеник, за гласале 61 пратеник, никој не се воздржал, никој не е против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам општ претрес по Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Колам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање. Ве молам да гласаме.

Од присутни 63 пратеници, гласале 61 пратеник, за гласале 61, никој не се воздржал, никој не бил против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација на Третиот дополнителен протокол кон Спогодбата за мултинационалните мировни сили на Југоисточна Европа.

Сега ве молам останете на своите места да се подели амандманот, да констатираме што е со тој амандман, да констатираме што е со текстот на законот, дали имаме расправа натаму, да го заклучиме претресот и да видиме понатаму за што ќе се договориме.

Сега треба да се подели амандманот.

Ги молам пратениците да останат во салата, да си седат на своите места за да можеме да си ја завршиме работата.

(Мал прекин на седницата од 12,55 до 13,05 часот).

Ајде да работиме. Ве молам, продолжуваме со работа.

Во меѓувреме пратениците Мухамед Таири, Мевљан Тахири, Азис Положани и Амди Бајрам поднесоа амандман на член 20 за додавање нова точка 40-а по точката 40.

Истовремено пратениците Мухамед Таири, Мевљан Тахири и Амди Бајрам го повлекоа амандманот на член 20 за додавање нова точка 40-а по точка 40, поднесен на 22 ноември 2000 година под архивски број 07-3701/19.

Отворам претрес по амандманот на член 20 за додавање нова точка 40-а по точката 40, поднесен од пратениците Мухамед Таири, Мевљан Тахири, Азис Положани и Амди Бајрам.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЉУБЕН ПАУНОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Констатирам дека овој текст на амандманот е составен дел на текстот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на законот.

Дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, констатирам дека текстот на закоаот е..., но господинот Јордан Бошков бара збор.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Благодарам господине претседател.

Со оглед на тоа дека станува збор за закон кој се донесува со 2/3 мнозинство, тоа е уставно, јас би сакал накусо да се осврнам околу равноправноста на половите.

Во предложениот текст сепак се гарантира и се гарантира рамноправност меѓу половите во службата на Армијата на Република Македонија. Добро е да го констатирам е тоа на самата седница, но исто така, би сакал да кажам дека еманципацијата ќе биде потребно да оди чекор понатаму, имено, во сите наши текстови на закони исто така и во Уставот имаме на некој начин нагласен машки род. Во лексиката ќе биде потребно тоа да се корегира во иднина, а ние да обрнеме внимание и да поведеме акција како тоа да биде отпочнато. Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по текстот на законот.

Ве потсетувам дека согласно член 120 став 2 од Уставот на Република Македонија овој закон се донесува со 2/3 мнозинство гласови од вкупниот број на пратеници.

Затоа предлагам да се договориме по овој закон Собранието да гласа во 17,00 часот.

Да им дадеме можност на сите присутни пратеници и оние кои не се присутни сега од оние пратенички групи кои изјавија дека сакаат да учествуваат во гласањето и сакаат да го поддржат донесувањето на овој закон. Колку што знам сите пратенички групи дадоа такви изјави и сите пратенички групи инаку припаѓаат на партии кои консенсуално се ориентирани кон приближување на нашата држава во интеграцијата во НАТО.

Предлагам сега да го одложиме гласањето и да го закажеме во 17,00 часот денеска.

Господинот Чедомир Краљевски процедурално.

**ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ:**

Почитуван претседател, почитувани колеги пратеници, деновиве и денеска имавме расправа по повод законот за одбрана на која расправа, зависно од волјата на секој пратеник, можеше да учествува во расправата или да не учествува. Меѓутоа, чинот на гласањето е еден чин што значи консенсуално прифаќање на ставот дека се движиме кон влегувањето во НАТО алијансата. Таквиот консенсуален став на сите пратенички групи треба да биде отелотворен низ чинот на гласањето. Секое отсуство од чинот на гласањето на било кој пратеник поединец или пратеничка група значи едно демагошко однесување кон тој консенсуален став, односно се говори дека се движиме во правецот кон НАТО алијансата, а од друга страна вршиме опструкција кон еден од основните столбови на тој наш пат, односно донесување на законот за одбрана.

Затоа, во овој момент би сакал да апелирам до сите пратеници, поединци, до Пратеничката група на СДСМ која гледам овде не е присутна, да дојде во 17,00 часот и да ја искаже својата добра волја со самиот чин на гласање, односно да даде поддршка на овој закон, бидејќи како што рековте вие за донесувањето на овој закон треба 2/3 мнозинство, односно 80 позитивни гласа. Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам. Токму затоа што сите пратенички групи и партии од кои припаѓаат тие пратенички групи, консенсуално се определени за поддршка на таа политика која денес го прави крупниот чекор со донесување на овој закон.

Затоа ви предлагам гласањето да се изврши во 17,000 часот, за да може и верниците од исламската вероисповест да си го извршат адетот Ифтар, да може сите да се собереме овде, а бидејќи сега немаме претставници по другите точки на кои треба да минеме, тогаш предлагам во 16,30 да почнеме со работа во Собранието, а било што да сме почнале да прекинеме и да минеме во 17,00 часот на гласање по овој закон.

Сега ја прекинувам седницата.

(Седницата прекина во 13,10 часот).

(Седницата не продолжи во 17,00 часот, поради немање кворум).